Архивски број: 08-355/11
15-09-2023 година

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-355/1 од 15.05.2023 година поднесена од [redacted] од Охрид против [redacted] од Охрид за извршена дискриминција по основ здравствена состојба и попреченост во областа членување и дејствување во здруженија на граѓани, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основ на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр. 258/20) на 11.09.2023 година го донесе следново

## М И С Л Е Њ Е

Не се утврдува дискриминација извршена од страна на [redacted] од Охрид кон [redacted] како застапник на нејзината ќерка, од Охрид врз основ на здравствена состојба и попреченост во областа членување и дејствување во здруженија на граѓани.

## О б р а з л о ж е н и е

На 15.05.2023 година преку електронски пат доставена е претставка за заштита од дискриминација бр.08-355/1 од страна на [redacted] од Охрид против [redacted] од Охрид за извршена дискриминција по основ здравствена состојба и попреченост во областа членување и дејствување во здруженија на граѓани. Во претставката, подосителката наведе дека се чувствува дискриминираа од Здружението затоа што одбивале да ја прифатат нејзината ќерка, со изговор дека немале слободно место.

Согласно член 24 став 2 од Законот, на 16.05.2023 година, поради фактот што претставката не ги содржеше неопходните елементи за да може да се отпочне со процесните дејствија, Комисијата до подносителката испрати Барање за доуредување на претставката, бр. 08-355/2.
На 14.06.2023 година, преку електронска пошта до Комисијата е доставен нов допис бр. 08-355/3, во кој подносителката и по вторпат не ги доставува потребните податоци како адреса на здружението и подетални информации за настанот и документација поврзана со истиот.

Од тие причини, на 16.06.2023 година, Комисијата повторно испраќа Барање за доуредување на претставката бр. 08-355/4, на адреса на подносителката заедно со формулар на претставка за заштита од дискриминација и детални инструкции за пополнување на истиот.

На 23.06.2023 година, до Комисијата е доставен пополнетиот формулар-претставка, заведен под бр. 08-355/5, во кој подносителката доставува образложение дека: Од само лични нивни причини не ми ја примаат ќерката во здружението и дека неколку пати направила обид да ја зачлени во истото, но тие одбивале. Во овој допис, како дискриминаторски основи таа ги наведува ментална и телесна попреченост и здравствена состојба.

Истиот ден, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави до Здружението известување за произнесување по наводите содржани во претставката со копија од цела доставена документација, заведено под бр. 08-355/6.

На 21.07.2023 година, примено е Произнесување од Адвокатското друштво [redacted] од Охрид, како ополномоштено лице од страна на [redacted], заведено под арх.бр.08-355/7. Во истото, тие оценуваат дека претставката е нецелосна и нејасна и дека не е поткрепена со факти и документи кои би потврдиле дека подносителката во неколку наврати се обидувала да ја зачлени нејзината ќерка. Тие посочуваат дека подносителката не поднела писмена изјава за пристапување, што консеквентно значи дека не е точно дека барала да биде зачленета а членството и било одбиено.

Со цел да ја утврди целосната состојба и постоечка документација, Комисијата на 08.08.2023 година преку електронска пошта бр. 08-355/8 го извести Адвокатското друштво како застапник на Здружението дека на 14.08.2023 година ќе изврши увид во просториите и документите на истото и дека ја повикува и подносителката да даде изјава на записник во нивните простории.

Адвокатката [redacted] од Адвоткатското друштво со електронски допис бр. 08-355/9, го потврди присуството на најавениот увид, согласно член 29 став 1 од Законот.

На 14.08.2023 година Комисијата го изврши увидот, за што е направен Записник бр. 08-355/10 од 16.08.2023 година и истиот е составен дел од документацијата по овој предмет. На ова соочување на двете страни, подносителката изјави дека минатото лето, во 2022 година, во неколку наврати телефонски контактирала со претставници на Здружението, за да ја примат нејзината ќерка, која е со комплексни посебни потреби, но ја одбивале со одговор дека немат слободно место за прием на нови членови, без подетално образложение. Подносителката објасни дека сега здравствената состојба на ќерката е дополнително влошена, па веќе не би можела да посетува таков тип на


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

активности. Таа дополни дека последниот пат ѝ било кажано дека за прием на нови деца постои процедура во Здружението.

Претставниците на Здружението објаснија дека не работат како дневен престој на деца со посебни потреби, туку организираат работилници и интерактивни активности во времетраење од 2-3 час со фреквенција од еднаш неделно до еднаш месечно, со цел анимирање и социјализација на деца со посебни потреби, во група од неколку деца (5-6). Тие во присуство на својот застапник, изјавија дека ангажираат стучен тим од психолог и дефектолог кои работат со децата, а за средбите во меѓусебно се информирале преку нивната страница на социјалната мрежа „Фејсбук". На прашањето зошто одбиле да ја примат ќерката на подносителката, тие изјавија дека не знаеле каква попреченост има таа, бидејќи не им била доставена медицинска документација и дека просторните услови им се ограничени и инфраструктурно неприспособени за деца со физичка попреченост, па во принцип и не можеле да работат со такви деца. Основачите изјавија дека и самите сакале да вклучат повеќе деца во таквите активности и барале од општинските власти да им обезбедат поголем и пристапен простор, но барањето им било одбиено и токму заради недостиг на соодветен простор им било одбиено и барањето што го доставиле до [redacted] за донација на опремена сензорна соба.

Нивната законска застапничка објасни дека основачи на Здружението се неколку родители на деца со посебни потреби кои работат волонтерски и непрофитно. Таа објасни дека заради извесни недоразбирања меѓу соосновачите на Здружението, подолго време не можеле да свикаат одбор на кој би одлучувале за прием на нови деца и тоа им го објаснувале на сите родители кои покажувале интерес да ги запишат своите деца. Основачите потврдија дека за сето ова не поседуваат писмена документација, туку контактирале исклучиво преку телефон со родителите.

Од горенаведеното, Комисијата утврди дека и двете страни не поседуваат писмени документи со кои би ги поткрепиле своите тврдења. Просториите на Здружението се сместени во подрум од станбена зграда и не се поголеми од 30 метри квадратни, а до нив се приоѓа преку десеттина неквалитетни тесни надолни скалила, што ја потврдува тезата на основачите дека се објективно принудени да селектираат деца со посебни потреби што ќе присуствуваат на активностите.

Законот за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 5 и член 6, забранува секакво разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на која било дискриминаторска основа, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на лице или група лица, на еднаква основа со другите, затоа што претставува дискриминација.

Во конкретниот случај, ниту една од страните не понуди писмени докази за своите тврдења, а со оглед на објективните околности што ги сведочеше Комисијата, не може да се утврди намера и цел да се ограничи правото на еднаквост на пристап до активности за социјализација на ќерката на подносителката до услугите што ги нуди [redacted] Охрид, па одлучи како што е наведено во диспозитивот.

Скопје,
11.09.2023

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
1. [redacted]
2.
3. Архива на КСЗД